МАЛА ЛИКОВНА ГАЛЕРИЈА

# ПЕТАР ЛУБАРДА: ОГИН ПЛАТНО 120 X 147,5 — 1958



Роден 1907 во Љуботиња (Црна Гора). Уметничка школа учел во Белград. Двапати подолго време престојувал во Париз. Извесно време студирал на Академијата за убави уметности. Од 1950 живее и работи во Белград. Редовен член на Српската академија на науките и уметностите во Белград и вонреден член на Југословенската академија на науките и уметностите во Загреб. Досега имал 18 самостојни изложби, 1967 голема ретроспективна изложба во Музејот на современата уметност во Белград. Учествувал на повеќе изложби во земјата и странство. Добитник на значајни награди, меѓу кои: Меѓународна откупна награда на II биенале во Сан Паоло 1953, награда на III биенале во Токио 1955, Национална награда Гугенхајм 1956, награда на АВНОЈ 1966 и др.

Петар Лубарда е една од најзначајните личности во југословенската современа уметност. За неговото име поврзан е повоениот развиток на нашата уметност. Изложбата што тој ја организира во 1951 во Галеријата на УЛУС во Белград претставува вонредно значаен настан — завршување на едно поглавје во југословенската современа уметност и почеток на друго. Со оваа изложба отворени се патиштата кон новата фигурација, апстрактниот експресионизам, модерниот надреализам, лирската апстракција и многу други актуелни тенденции, кои подоцна ќе се развијат. Во времето на Лубардиното сликарство, на кое му припаѓа и репродуцираната слика „Огин", бојата и линијата живеат свој сопствен живот. Тој се ослободува од формите на одреден предмет, претворајќи го во симбол и метафора. Асоцијацијата е доведена во прв, а предметот е на втор план. Доминира црвената боја што ја има силата и блесокот на крвта. Се одликува со слободна ритмичка арабеска, речиси потполно укинување на третата димензија, со сплет на неправилни ,но динамични и цврсти линии, крупни живо обоени површини, меѓу кои, само наместа пред гледачот блеснува некој остаток од реалниот свет. Сликата е репродуцирана во познатата публикација „Славни мајстори" од Бернар Доривал, со текст од Анјес Амбер.

Љ. Дамјановска